ИНСТИТУТ
НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302-258/01
29.07 2020 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Бр.-Nr. 03-774/1
29.07.2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

меѓу

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

и

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во духот на заедничката соработка, долупотпишаните страни взаемно ја утврдија и усогласија содржината на следниот:

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

**меѓу**

**Државен завод за ревизија**

**и**

**Институт на овластени ревизори на Република Македонија**

Во натамошниот текст ‘Договорни страни’

- Државен завод за ревизија (ДЗР) е Врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија, чија цел е навремено и објективно да го информира Собранието, Владата, другите носители на јавни функции и јавноста за наодите од спроведените ревизии. ДЗР обезбедува поддршка на Собранието во исполнувањето на неговите надлежности преку утврдување и обелоденување на неправилности, случаи на незаконско работење и можни случаи на корупција и злоупотреба на службената должност. ДЗР дава јасни и ефективни препораки со што го поттикнува доброто владеење и управување со државните институции и корисниците на јавни средства. На тој начин ДЗР придонесува за подобрување на животот на граѓаните во државата.
- Институт на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ) е професионално коморско здружение на овластени ревизори. ИОРРМ функционира како независна, непартиска и непрофитна организација во која се зачленуваат физички и правни лица согласно со Законот за ревизија. ИОРРМ е полноправна членка на IFAC – International Federation of Accountants. Делокругот на работа на ИОРРМ го сочинуваат работите уредени со Законот за ревизија, Статутот и другите акти на ИОРРМ. Меѓудругото, ИОРРМ е надлежен за вршење на следните работи: Води Регистар на ревизори, Регистар на овластени ревизори, Регистар на друштва за ревизија, Регистар на овластени ревизори-трговци поединци и Регистар на трајно одземени лиценци; Спроведува испит за стекнување звање ревизор; Спроведува контрола на квалитетот на работењето на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци; Организира и спроведува континуирано професионално усовршување, како и други семинари од областа на сметководството и ревизијата; Иницира соработка со професионални асоцијации на ревизори; Иницира соработка со високо-образовни институции во земјата и во странство; и друго.

**Член 1**

Целта на Меморандумот за соработка е унапредување на соработката во вршењето на законските надлежности од својот делокруг, како и размена на податоци и искуства помеѓу двете институции.

**Член 2**

Со овој Меморандум за соработка, Државниот завод за ревизија и Институтот на овластени ревизори на Република Македонија ја изразуваат подготвеноста за соработка во:

- Обезбедувања континуирана размена на податоци и информации, во рамките на своите законски надлежности;
- Давање стручна помош и соработка во областа на сметководството и ревизијата;
- Организирање заеднички обуки за подобрување и усовршување на ревизорските капацитети на двете институции;
- Активности околу поблиску запознавање на специфичностите на работите на државните ревизори и овластените ревизори.

**Член 3**

Договорните страни се согласни да обезбедат размена на податоци и информаци на барање на едната договорна страна, во рамките на своите законски надлежности.

Договорните страни се согласни да ги доставуваат добиените податоци и информации од други институции кои и биле доставени на едната договорна страна, а се од значење за тековното работење на другата договорна страна.

**Член 4**

Договорните страни се согласни да обезбедат давање стручна помош и соработка во областа на ревизијата од аспект на методологијата и примената на стандардите по кои работат секои од ревизорите (ИНТОСАИ и Меѓународните стандарди за ревизија - МСР).

Исто така, согласни се да обезбедат размена на стручна литература, прирачници и друг вид на материјали (презентации, анализи и слично) потребни за процесот на вршење ревизија.

**Член 5**

Договорните страни се согласни да организираат заеднички обуки на ревизорите за подобрување и усовршување на ефикасноста и ефективноста преку зајакнување на релевантните капацитети. Двете институции меѓусебно ќе се информираат за организирани обуки и семинари, како и добиени покани за учество на обуки и семинари за своите вработени/членови.

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДЗР ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

**Член 6**

Договорните страни се согласни да се придржуваат кон целта на Меморандумот за соработка.

**Член 7**

Содржината на овој Меморандум може да се менува само со писмена согласност на двете договорни страни.

**Член 8**

Овој Меморандум е составен во четири еднообразни примероци, од кои по два за секоја договорна страна.

**Член 9**

Овој меморандум стапува во сила со денот на неговото потпишување од страна на двете договорни страни.

Потпишан во Скопје, на 29.07 2020 година

**Државен завод за ревизија**

**м-р Максим Ацевски**
Главен државен ревизор

**Институт на овластени ревизори на Република Македонија**

**м-р Драган Димитров**
Претседател на ИОРРМ